РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1892/1
04-05-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на ден 22.04.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1545/1 од 16.05.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за злоупотреба на службена положба и овластување во Ученички дом „--------" – --------, **СЕ ЗАПИРА.**

Наводите изнесени во пријавата со број 12-1545/1 од 16.05.2025 година, **СЕ ПОТВРДУВААТ.**

За констатираните прекршувања на законските одредби, ДКСК ќе постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и ќе иницира постапка пред надлежен орган.

Предметот со број 12-1545/1 од 16.05.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет со број 12-1545/1 од 16.05.2025 година, по пријава поднесена од непознат подносител, во која се изнесени наводи за сомневање за злоупотреба на службена положба и овластување од страна на -------, директор на Ученички дом „-------" – -------, како и наводи за непрофесионално однесување кон вработените, злоупотреба на финансиски средства и евидентирање на поголем број ученици од реалниот со цел обезбедување на поголеми финансиски средства.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК се обрати до Државниот просветен инспекторат и Министерството за образование и наука.

Министерството за образование и наука достави образложение во кое е наведено дека исплатата на партиципација кон Ученичкиот дом „--------“ – ----- се вршела врз основа на податоци доставени од ученичкиот дом, и тоа за **88 ученици**, потоа за **90 ученици**, а подоцна за **77–78 ученици** во текот на учебната 2024/2025 година. Бројот на ученици се менувал од причина што имало испишување и повторен упис на ученици сместени во истиот.

Од страна на Државниот просветен инспекторат е извршен вонреден инспекциски надзор, при што е утврдено дека пријавеното лице ------, како и лицето --------, биле именувани за вршители на должност директор, иако истите не биле од редот на вработените во ученичкиот дом, односно истите не ги исполнувале условите уредени во член 62 и член 67 од Законот за ученички стандард. Било утврдено дека, во главната книга се евидентирани ученици кои не ги исполнуваат условите за сместување во ученички дом, односно биле запишани во домот спротивно на Правилникот за начинот и постапката за прием на уенците во јавните ученички домови, како и спротивно на предвидените услови во Конкурсот за прием на ученици во ученичките домови.

Констатирано е и дека, ученици кои биле од населени места каде имало организиран редовен превоз, биле евидентирани дека престојувале во ученичкиот дом, а истовремено им биле исплатени и патни трошоци на месечно ниво во периодот од учебната 2021/2022 година, до учебната 2024/2025 година. Евиденцијата во главната книга во некои случаи, споредена со списоците од страна на ученичкиот дом, доставувани на месечно ниво, не се совпаѓала, односно за ученици кој биле евидентирани дека се испишани, било продолжено да се бараат средства за негово сместување.

Било утврдено и дека ученичкиот дом не располага со комплетна документација за учениците кои конкурирале во ученичкиот дом, врз основа на која биле сместени.

*Согласно* ***член 62-б од Законот за ученичкиот стандард***, *директорот е одговорен за законитоста во работењето и за материјално-финансиското работење на ученичкиот дом.*

*Согласно* ***член 67 од истиот закон****, вршител на должност директор се именува од редот на вработените во ученичкиот дом и може да ја врши функцијата најдолго шест месеци.*

Имајќи ги предвид утврдените факти, односно дека во конкретниот случај во повеќе наврати биле именувани вршители на должност директор (------ **и** ------), кои не биле од редот на вработените во ученичкиот дом, како и дека се евидентирани ученици кои не ги исполнуваат условите за сместување, а за кои се барале и исплаќале финансиски средства, Државната комисија констатира дека се постапувало спротивно на одредбите од Законот за ученичкиот стандард, особено во делот на законитоста во работењето и управувањето со ученичкиот дом.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК утврди дека наводите за сомневање за незаконски дејствија се основани, односно се потврдуваат.

За констатираните прекршувања ДКСК ќе постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и ќе иницира постапка пред надлежен орган.

Имајќи во предвид сето горе наведено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r **S.D.,** член/anëtar